Вест
# Живот



## Копров ќе ја избира српско-црногорската песна за Евровизија



Нашиот познат композитор Григор Копров, на покана од организаторот, ќе ја избира српско-црногорската песна за Евровизија. Годинава Србија и Црна Гора песната за Евровизија ќе ја избираат две вечери. Првата вечер, односно в петок навечер е првиот дел наречен Беовизија, од кој четири песни ќе влезат во втората, финална вечер од која ќе се избира официјалната песна. Четирите песни од Беовизија, заедно со четири песни од Црна Гора и 16 нови ќе го сочинуваат вкупниот број од 24 песни кои ќе влезат во конкуренција. Која песна ќе патува за Истанбул ќе се знае в понеделник, кога ќе биде прогласувањето. ***(В.М.)***

## Ѓорѓи Крстевски забрани да се пуштаат неговите песни на радио "Буба мара"

Ѓорѓи Крстевски ѝ забрани на екипата на радио "Буба мара" да ги пуштаат неговите песни! Тој на сопственикот на радиото Ранко Петровиќ му пратил писмо, потпишано од него и од неговиот адвокат, во кое се вели дека ниту една негова песна веќе не смее да се чуе во "буба мара- етерот".

Несогласувањето помеѓу Ранко и Ѓорѓи се случило минатата недела кога Ранко, како еден од организаторите на забавите во мавровската дискотека "Ратрак", го поканил Ѓорѓи да настапува таму. Ранко предложил Ѓорѓи да испее неколку песни на плеј-бек, а место хонорар да си "истера" бесплатен викенд за двајца. Ѓорѓи веднаш го одбил, зашто неговата шема на работа е сосема поинаква. Како што самиот вели, до сега ниту еднаш нема настапувано по дискотеки, и не е почитувач на "тезгите", сé додека не му дојде време да го направи својот прв солистички концерт. Навреден од негативниот одговор, Ранко му рекол дека во "Ратрак" настапувале и подобри пејачи од него, на што Ѓорѓи му одговорил дека тоа "добри и подобри пејачи" е релативна работа. Двајцата до тогаш пријатели, разговорот го завршиле мирно, коментирајќи ја новата песна на Ѓорѓи "Љубов е", која сé до тогаш била хит на радио "Буба мара", што значи дека била пуштана на секој час.

Кога по еден час Ѓорѓи пуштил радио, неговата песна била симната и заменета со друга. На Ѓорѓи веднаш му било јасно дека Ранко тоа го направил од револт, па решил да му се "оддолжи", и да му ја испрати забраната.

Веднаш откако приказната дојде до нас, ги контактиравме Ѓорѓи и Ранко. Ѓорѓи е навреден од непрофесионалниот однос на Ранко, и мисли дека со забраната, го направил вистинскиот чекор.

Ранко пак беше зачуден како по Владо Јаневски, Маја Вукичевиќ, Ребека, Тамара..., Ѓорѓи бил единствениот што одбил да пее во Маврово, а негова цел била да го изрекламира. Што се однесува до забраната, Ранко вели дека тоа е лична одлука на Ѓорѓи, која него не го засега. ***(М.Ц.)***

## Школа за продукција со наши познати музичари

Од 10 март, во студиото на Валентино Скендеровски ќе започне да функционира новата школа за продукција "Ентерпрајс", предводена од неколку наши познати музичари. Лидија Кочовска ќе подучува естрадно пеење и подготовка за придружни вокали, Дарко Тасев гитара, Дарко Мучев-Мучо- бас гитара, Златко Ориѓански- народни инструменти, Дино Милосављевиќ-тапани..., и уште многу наши признати музичари, мајстори на својот инструмент. Преслушувањата на потенцијалните ученици се во тек, и до сега одѕивот е одличен, за аудиција се пријавиле повеќе од 20 кандидати. Резултатите на сите ќе им бидат соопштени на 5 март, а потоа обуката може да започне. ***(М.Ц.)***

## ИНФО КЛАБИНГ

**ЧЕТВРТОК**
Ринг - Џавкар, Кире

**ПЕТОК**

Епкот кафе (на Водњанска) - ди-џеј Оливер

Ринг - Џавкар

Белви - Балтазар и Мајк Ди-бек ту бек,Јосип Крајнц,
влезница - 200 денари со консумација

Театар "Голема станица" - Номад, Бушава азбука,
Сателајт, влезница - 350 денари во претпродажба, 500 на врата

Елемент - Гејм Овер, Дарко Степиќ, Ем-Ил, влезница -
200 денари

**САБОТА**
Епкот кафе-техно со Јосип Крајнц
Ринг - Виктор

**НЕДЕЛА**
Ринг - Дип Матер



## Хрватска манекенка од Космополитен во Скопје

Ивана Дворски е позната и актуелна хрватска манекенка. Оние што редовно го читаат хрватскиот "Космополитен", сигурно ќе ја препознаат. Така завчера, ја препознавме и ние, додека таа седеше во скопското кафуле "Тренд". Дознавме дека тука не е професионално, туку заради нејзиниот дечко, скопјанец, со кој е извесно време во врска. И на наше задоволство, Ивана не само што разбираше сé што ѝ зборуваме, туку се пофали дека веќе добро ѝ оди македонскиот. А, на неколку пати и ни го докажа тоа. Како и да е, оваа загрепчанка, модел од агенцијата "Мидикен", не е ангажирана само во својата земја, туку и во Италија, Париз, Германија. ***(А. Г. )***